

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ



ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДЕКАНОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

ЗА ПЕРИОД 01.10.2025 -30.09.2026 ГОДИНА

Подготвил

Проф. д-р Владимир Атанасовски

Декан на ФЕИТ

Скопје, 15 октомври 2026 год.

СОДРЖИНА

СОДРЖИНА 2

1. ВОВЕД 4

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ 5

2.1 Студии на прв циклус 5
2.2 Студии на втор циклус 6
2.3 Докторски студии 6
2.4 Промоција на дипломирани и наградени студенти и магистри 6
2.5 Издавачка дејност 7

3. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ 8

3.1 Лабораторија за производство ФЕИТ ФабЛаб 8
3.2 Студентски работилници и конференции 12
3.3 Студентски проект „Што дишеме?“ 14
3.4 Студентски награди на меѓународни натпревари 15
3.5 Меѓународни награди на истражувачи од ФЕИТ 15
3.6 Работилница POWER-to-X технологии 16
3.7 ТелеХак@ФЕИТ 2026 16
3.8 Прв форум на УКИМ за квалитет во високото образование 17
3.9 Настани организирани од ФСС ФЕИТ 18

4. НАУКА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 20

4.1 Еразмус плус програма 20
4.2 Научна дејност 20
4.3 Награди и признанија 24
4.4 Списание на ФЕИТ 25
4.5 Конференции организирани/подржани од ФЕИТ 25

5. ФИНАНСИИ И ИНВЕСТИЦИИ 27

5.1 Подобрување на работните услови за вработените и студентите 27
5.2 Попис на основните средства 28
5.3 Јавни набавки 28

6. СОРАБОТКА СО СТОПАНСТВОТО 29

6.1 Центар за трансфер на технологии и иновации – ИНОФЕИТ 31

7. СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ СПОРЕД ISO 37

8. НАСТАВЕН КАДАР 37

9. СТРУЧНИ СЛУЖБИ НА ФАКУЛТЕТОТ 38

9.1 Правна и општа служба 38
9.2 Студентска служба 38
9.3 Библиотека на ФЕИТ 39

10. СПОРТ НА ФЕИТ 40

11. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА 41

11.1 Алумни асоцијација на ФЕИТ 41
11.2 Центар за нови студенти 42
11.3 Центар за доживотно учење 44

12. ЗАКЛУЧОК 44

1. ВОВЕД

Во овој извештај е даден преглед на реализираните активности на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за академската 2025/2026 година во сите области на неговото делување, како и во организацискиот дел.

Студентите од сите студиски години на прв циклус следат настава според меѓународно акредитирани (ASIIN) студиски програми. Користејќи ја воспоставената и етаблирана инфраструктура на Факултетот, беа организирани редовните годишни студентски конференции по кои ФЕИТ е меѓународно препознатлив (СКЕЕОР и Robomac). Покрај нив, беа организирани и други школи и работилници кои им овозможуваат на студентите продлабочување на нивните знаења и вештини за време на студирањето.

Интересот на средношколците за студирање на ФЕИТ е во пораст последниве 3 години што е потврда на препознатливоста на квалитетот на образованието кое се нуди на ФЕИТ. Голем број факултетски лаборатории организираа работилници за средношколци во ФЕИТ ФабЛаб на популарни и практични теми. Овие работилници имаа одличен одзив кај средношколците и беа целосно пополнети расположливите места.

Студентите на ФЕИТ повторно се закитија со меѓународна награда и тоа во област која допрва станува исклучително атрактивна за истражување и иновации (сина економија). Тимот AquaSCADA (Теона Антоноска, Анџела Костадинова, Андреа Ѓошева и Ана Софрониевска под менторство на доц. д-р Филип Дончевски) го освои првото место на првиот INNOVABLUE хакатон, во силна меѓународна конкуренција на повеќе од 30 тимови. Дипломираниот инженер од ФЕИТ со просек 9.98, Огнен Пендаровски, се најде меѓу добитниците на „Инженерски прстен“ во 2026 година.

ФЕИТ и оваа година продолжи со интензивната научно-истражувачка дејност потврдувајќи ја својата улога на лидер во државата во овој домен. Во извештајниот период се имплементираа 8 меѓународни и 2 домашни проекти, а беа аплицирани 25 меѓународни проекти. Вон. проф. д-р Христијан Ѓорески ја доби наградата за најдобар научник за УКИМ од областа на техничко-технолошки науки за 2024. Проф. д-р Марија Чундева-Блајер и вон. проф. Маја Целеска Крстевска добија награди за најдобри трудови на меѓународни конференции. Проф. д-р Мирко Тодоровски, редовен професор на ФЕИТ, беше избран за дописен член на МАНУ. Факултетот ја зголеми финансиската поддршка за академскиот кадар за научно и стручно усовршување (за 33% во 2026 во споредба со 2025 година). Вработените стандардно публикуваа околу 130 трудови, од кои 30-тина во списанија со фактор на влијание.

Во текот на 2025/2026 година, ИНОФЕИТ продолжи со трансформацијата од центар првенствено насочен кон трансфер на технологии и иновации кон комплексен национален центар кој интегрира дигитална трансформација,

истражување и развој, соработка со индустријата, развој на човечки капацитети и активно учество во европските иновациски мрежи.

Со реализираните активности, ИНОФЕИТ дополнително ја зацврсти својата позиција како еден од водечките национални центри за дигитална трансформација, трансфер на технологии и иновации и како значајна точка на поврзување на Универзитетот со индустријата, јавниот сектор и европскиот иновациски екосистем.

Студентите, преку Факултетското студентско собрание (ФСС), беа исто така мошне активни организирајќи низа настани и придонесувајќи кон зајакнувањето на угледот на ФЕИТ локално и меѓународно.

Сите активности во текот на извештајниот период се реализирани благодарение на посветеноста и ангажманот на наставниот кадар, соработниците, административно-техничката служба и студентите. Изразувам искрена благодарност до сите нив, а особено до продеканите и Управата за нивната континуирана и безрезервна поддршка во спроведувањето на сите планирани активности.

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

2.1 Студии на прв циклус

Наставната дејност се одвива редовно во просториите на факултетот. Во текот на учебната 2025/2026 година беа организирани и неколку работни саботи со цел целосно покривање на предвидените наставни активности. Колоквиумските недели и испитните сесии се организираа во соодветните термини.

На 1.10.2025 година, за новозапишаните студенти, беше организиран првиот свечен час, додека претходно на 30.9.2025, заедно со ФСС ФЕИТ, беше организиран и ден за ориентација. Новите студенти добија информации за тоа каде и како се одвива наставата, како и кога се организираат проверките на знаења, како да излезат на крај со административните процедури и уште многу други корисни информации, кои со нив ги споделија претставниците на ФСС ФЕИТ. Наставата во академската 2025/2026 година започна на 2.10.2025 година.

На најдобрите студенти од прва година запишани прв пат во учебната 2025/26 година им беа доделени стипендии во износ од едногодишна партиципација и тоа:

- Факултетот додели стипендија на осум студенти кои освоиле прво место на акредитиран државен или прво, второ и трето место на меѓународен натпревар од областите кои се негуваат на Факултетот.
- МАКО СИГРЕ додели три стипендии во прва година за студентите кои се највисоко рангирани при упис на електроенергетските насоки.

Бројот на запишани студенти во учебните 2025/2026 и 2026/2027 по студиска програма е следниов:

	2024/2025				2026/2027			
Студиска програма	Прв рок	Втор рок	Трет рок	Вкупно	Прв рок	Втор рок	Трет рок	Вкупно
ЕАОИЕ	57	2	0	**59**	55	6	0	**61**
ЕЕС	10	2	0	**12**	9	1	1 (странец)	**11**
ЕЕПМ	17	1	0	**18**	23	1	2	**26**
КСИАР	97	2	0	**99**	113	3	1 (целокупно странство)	**117**
КТИ	76	0	0	**76**	50	3	0	**53**
КХИЕ	45	2	3	**50**	31	6	1	**38**
ТКИИ	14	0	0	**14**	16	3	0	**19**
Вкупно	316	9	3	**328**	**297**	**23**	**5**	**325**

Табела 2.1: Број на запишани студенти на ФЕИТ во учебните 2025/2026 и 2026/2027

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје продолжи со праксата на доделување 10 стипендии на студенти запишани во учебната 2025/2026 кои првата година на студии ќе ја завршат со најдобар просек и освоени 60 ЕКТС кредити. Рангирањето на овие студенти беше извршено по завршување на летниот семестар, односно по 30.9.2026 година. Студентите од оваа листа имаат просек во опсег од 10,00 до 9,22.

2.2 Студии на втор циклус

Според Конкурсот, уписот на студенти на вториот циклус во учебната 2025/2026 година се одвиваше на 22 студиски програми на македонски јазик и 3 студиски програми на англиски јазик. Конечниот број на запишани студенти на втор циклус по двата уписни рока изнесува 72 студенти, при што се забележува мало зголемување во однос на претходната година кога по двата уписни рокови имало запишано вкупно 67 студенти. Листата ментори на втор циклус студии на ФЕИТ ја сочинуваат 66 наставници.

2.3 Докторски студии

Во учебната 2025/2026 година на III циклус – докторски студии, на студиската програма Електротехника и информациски технологии (ЕИТ), се запишаа двајца студенти.

Во учебната 2025/2026 година на III циклус – докторски студии, на студиската програма ЕИТ докторираа десет кандидати, односно Филип Дончевски, Бодан Велковски, Наташа Димишковска Крстевски, Гоце Стеваноски, Стефан Златинов, Никола Јовановски, Марија Паликрушев, Бобан Темелковски, Нецибе Сејфули-Рамадани и Александра Златкова.

2.4 Промоција на дипломирани и наградени студенти и магистри

На 16.6.2026, во зградата на Македонската филхармонија, беа промовирани 150 дипломирани инженери и 34 магистри на ФЕИТ. Покрај дипломите, на најуспешните 32 дипломирани инженери по електротехника и информациски технологии кои

дипломирале со просечна оценка поголема или еднаква на 9,00 им беа доделени плакети.

Просечната оцена на студирање што ја постигнале дипломираните 180 студенти е 8,2. Од нив, 91 студент студиите ги започнале во учебната 2021/22 година и студиите ги завршиле во предвидениот рок од 4 години.

Просечното времетраење на студирањето на вкупнот број на студенти (150) кои дипломирале на четиригодишните студии по ЕКТС во периодот од мај 2024 до април 2025 година изнесува 5 години, 0 месеци и 30 дена. Најкусиот временски период во кој се завршени додипломските студии од оваа генерација е 2 години 8 месеци и 30 дена. 83 дипломиран или дури 55,33% од промовираните инженери се девојки, што е околу 4 пати повисок просек на дипломирани жени инженери во однос на западноевропските земји.

Огнен Пендаровски од студиската програма КХИЕ дипломираше како најдобар студент на ФЕИТ со просечен успех 9,98. Тој истовремено е добитник и на признанието „Инженерски прстен“.



Слика 2.1: Промоција на дипломирани инженери и магистри 2026

2.5 Издавачка дејност

Факултетот ја продолжи практиката на објавување рецензирани и нерецензирани изданија, со што за студентите се обезбедуваат печатени материјали на македонски јазик за голем број предметни програми. Во извештајниот период за прв пат беа објавени следниве изданија:

- „ Дигитални телекомуникации 1“ од проф. д-р Венцеслав Кафциски, Учебник
- „Високонапонски мрежи и системи “, од проф. д-р Мирко Тодоровски и проф. д-р Ристо Ачковски, Учебник

Покрај тоа, беа реиздадени и поголем број рецензирани скрипти, предавања, збирки задачи и упатства за лабораториски вежби.

3. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

3.1 Лабораторија за производство ФЕИТ ФабЛаб

Лабораторијата за производство ФЕИТ ФабЛаб продолжи активно да ги реализира своите цели насочени кон менторство, организирање школи и работилници, поттикнување на иновативноста преку натпревари, обезбедување пристап до професионална опрема за развој на прототипни решенија, како и унапредување на соработката со индустријата. Во текот на извештајниот период, ресурсите и капацитетите на ФЕИТ ФабЛаб беа ставени на располагање и за реализација на работилници за средношколци организирани од институтските лаборатории при ФЕИТ. Во продолжение се прикажани дел од активностите во кои ФЕИТ ФабЛаб беше вклучен во извештајниот период.

3.1.1 Работилници за асистивни уреди со Интеракт клуб Визија

Во рамките на соработката помеѓу Интеракт клубот Визија и ФЕИТ ФабЛаб, на 19 декември 2025, беше одржана првата од серијата работилници (вкупно четири) за изработка на асистивни уреди. Во рамки на оваа соработка студентите на ФЕИТ менторираа група на средношколци и ученици од основни училишта во процесот на дизајн и изработка на асистивен уред наменет за аугментативна и асистивна комуникација на деца со попреченост, со цел да им се овозможи полесна комуникација, изразување на чувства и јасно искажување на нивните потреби. Во рамките на работилниците, учесниците имаат можност да се запознаат со технологиите зад целиот процес на изработка на асистивни уреди – почнувајќи од дизајнот на електрониката, реализацијата на печатената плочка, дизајнот и 3Д печатењето на кутијата и програмирање на микроконтролерот. Конечната цел беше да се направи целосно функционален прототип на асистивен уред кој би можел и практично да се користи.



Слика 3.1: Дел од атмосферата на работилниците за асистивни уреди

3.1.2 Работилница „Наука и технологија во пракса“

На 23 декември 2025 година успешно се реализираше работилницата „Од пластика до 3D модел: Наука и технологија во пракса“, со учество на ученици од СТЕМ клубот при СУГС „Орце Николов“ – Скопје.



Слика 3.2: Работилница за 3D моделирање

3.1.3 Работилница „Сонцето во џеб: Паметна енергија за паметни уреди“

На 25 декември 2025 година се одржа уште една инспиративна и едукативна работилница под наслов „Сонцето во џеб: Паметна енергија за паметни уреди“. Работилницата беше организирана од Лабораторијата за физика при Институтот за математика и физика при ФЕИТ, а учесници беа ученици од СУГС „Раде Јовчевски – Корчагин“ – Скопје, кои со голем интерес и ангажман учествуваа во сите активности. Акцентот на работилницата беше ставен на практична употреба на обновливите извори на енергија и инженерски пристап во изработка на функционален производ – соларно напојуван полнач со држач за мобилен телефон. Учениците имаа можност да учат преку интерактивни презентации, демонстрации и практична работа со CNC технологии и други инструменти.



Слика 3.3: Дел од атмосферата на работилницата

3.1.4 Работилници „Соларни роботи и обновлива енергија – Иднината во наши раце“

На 17 и 18 март 2026 година се одржаа едукативни работилници на тема: „Соларни роботи и обновлива енергија – Иднината во наши раце“. Работилниците беа организирани од Лабораторијата за релејна заштита при Институтот за електрични централи и разводни постројки при ФЕИТ, а во нив учествуваа ученици од: СЕТУГС „Михајло Пупин”, СУГС „Георги Димитров”, СГГУГС „Здравко Цветковски” и СУГС „Орце Николов“. Работилниците опфатија теоретски и практичен дел. Во теоретскиот дел, преку интерактивни предавања, беа презентирани и објаснети: трансформациите на енергија, поедините облици на енергија, основите на искористување на енергијата на ветерот и сончевата енергија за производство на електрична енергија, принципите на работа на ветерните електрични централи и фотоволтаичните системи, нивните предности, недостатоци како и нивното значење за одржлив енергетски развој и заштита на животната средина. Во практичниот дел, учесниците составуваа повеќе различни модели на соларни роботи од два едукативни сетови, ги тестираа и ја проследија нивната функционалност. Дополнително, во практичниот дел, учесниците имаа можност да изршат одредени манипулации на изведена макета на хибриден енергетски систем со обновливи извори на енергија.



Слика 3.4: Работилници за обновлива енергија

3.1.5 Работилница „Основи на компјутерски архитектури и запознавање со FPGA”

На работилницата беше презентирана целосната архитектура на компјутерските системи, при што учениците имаа можност преку практична работа да се запознаат со основните компоненти и нивната меѓусебна интеракција. Преку конкретни задачи, беа програмирани FPGA уреди, овозможувајќи им на учесниците директно искуство и продлабочување на нивните знаења од областа. Работилницата значајно придонесе кон зголемување на интересот кај учениците за компјутерските науки и

инженерството, овозможувајќи им подобро да ги согледаат можностите и предизвиците што ги нуди оваа област.

Овие проекти се само дел од потенцијалот што младите инженери на ФЕИТ го носат во полето на технолошкиот развој и иновациите.



Слика 3.5: Работилница за компјутерски системи

3.1.6 Работилница „Одржлива енергија за иднината и интелигентни мрежи”

Оваа работилница се одржа на 15 април 2026 година со цел преку практична работа и дискусија да ги запознае средношколците со основите на соларна и ветерна енергија, водородни технологии и складирање на енергија, како и предизвиците што ги носи зголемената интеграција на обновливи извори во електроенергетските мрежи. Во рамките на работилницата, учениците работеа во тимови со современа лабораториска опрема (Horizon Renewable Energy Education Set). Тие имаа можност да изведуваат експерименти поврзани со производство, складирање и користење на енергија. Дополнително, наставници и истражувачи од ФЕИТ им одржаа кратки интерактивни предавања со кои ќе им ги приближија на средношколците реалните предизвици од енергетската транзиција.

3.1.7 Технологија за тебе

На 14 и 15 мај 2026 година, Логинг Електроникс, во соработка со ФЕИТ ФабЛаб, ја реализираа седмата по ред работилница „Развојни микропроцесорски системи” во рамки на проектот „Технологија за тебе”, чија основна цел е поттикнување на интересот кај младите за современите технологии преку практична едукација, тимска работа и примена на инженерските знаења во реални услови.Во работилницата учествуваа ученици од единаесет средни технички училишта од државата, кои имаа можност да ги демонстрираат своите технички способности преку решавање практична задача од областа на развојните микропроцесорски

системи. Натпреварувачкиот дел предвидуваше имплементација на електронско мини пијано, при што системот требаше да овозможи репродукција на повеќе музички ноти преку копчиња, приказ на активната нота на LCD дисплеј, како и емитување звук преку звучник со помош на аудио засилувач.





Слика 3.6: Технологија за тебе 2026

3.1.8 Работилница „Како учат компјутерите? Едукативна работилница за вештачка интелигенција и машинско учење“

На работилницата беше презентиран начинот на кој компјутерите извлекуваат заклучоци од податоци, основните принципи на машинското учење (анг. Machine Learning), како и процесот на развивање предиктивен модел — почнувајќи од собирање податоци и разбирање на проблемот, па сè до примената на вештачката интелигенција во секојдневниот живот. Дополнително, беа претставени и практични примери за препознавање обрасци и носење одлуки. Работилницата значајно придонесе кон зголемување на интересот кај учениците за компјутерските науки и инженерството, овозможувајќи им подобро да ги согледаат можностите и предизвиците што ги нуди оваа област.

3.2 Студентски работилници и конференции

3.2.1 Студентска конференција за енергетска ефикасност и одржлив развој – СКЕЕОР 2025

Здружението за истражување и промоција на енергетска ефикасност и одржлив развој СКЕЕОР – Скопје, на 28ми октомври 2025, ја отвори тринаесеттата Студентска конференција за енергетска ефикасност и одржлив развој (СКЕЕОР). Конференцијата понуди богата и разновидна агенда која покрај студентските трудови, вклучи и исклучителни предавања на најактуелните теми на денешницата поврзани со климатските промени, енергетската транзиција и одржливата енергија, дигитализацијата и вештачката интелигенција и улогата на иновациите во енергетскиот сектор, понатаму интересни панел сесии, работилници, како и

компаниски презентации. СКЕЕОР 2025 за прв пат додели и признанија за најдобар студентски труд за предложено најиновативно решение за решавање на енергетските предизвици и најдобар студентски труд со најголем потенцијал за позитивно влијание и придонес за надминување на енергетските предизвици.



Слика 3.7: Отворање на СКЕЕОР 2025

3.2.2 ROBOMAC Junior 2026

ФЕИТ и Македонската секција на IEEE, ја продолжија воспоставената традиција и по шести пат го организираа натпреварот за средношколци во роботика, вештачка интелигенција и електроника RoboMac Junior 2026, во периодот од 20 до 25 април 2026. На натпреварот учествуваа 54 учесници од четврта година од над 30 средни училишта од Македонија, кои се натпреваруваа во две категории. Освен активностите од натпреварувачки карактер, учесниците имаа можност да следат и неколку предавања во кои се претставија популарни теми од роботиката, вештачката интелигенција и електрониката, одржани од професори и експерти во областа.



Слика 3.8: Дел од атмосферата на Robomac Junior 2026

3.2.3 Робомак 2026

RoboMac е годишна меѓународна студентска работилница и натпревар по роботика, автоматика, електроника и вештачка интелигенција, кој се одржа по 14-ти пат на ФЕИТ во Скопје во 2026. Учесниците на натпреварот имаа можност да работат во тимови и да ги усовршат и употребат своите теоретски знаења и практични вештини за да победат во својата категорија, притоа дружејќи се и соработувајќи со студенти од земјата и странство. Целта на настанот е популаризација на роботиката и вештачката интелигенција помеѓу студентите и младите во Македонија.



Слика 3.9: Дел од атмосферата на финалето на RoboMac 2026

Носители на настанот се македонската секција на ИЕЕЕ, преку нејзиниот студентски огранок при УКИМ и ФЕИТ, а е во коорганизација со ФСС при ФЕИТ. УКИМ, преку својата фондација „Атанас Близнакоф“ од САД, и оваа година финансиски го помогна одржувањето на RoboMac 2026 вклучувајќи го и RoboMac Junior.

3.3 Студентски проект „Што дишеме?“

Студентскиот проект „Што дишеме?“ при Институтот за електроника влезе во втората година од својата имплементација во извештајниот период. Носител на проектот се студентите од студиската програма КХИЕ, под раководство на проф. д-р Јосиф Ќосев, а материјалните трошоци за компоненти и делови ги покрива одделот IMS при EPICS (Engineering Projects in Community Service) на инженерската организација IEEE. За работата на проектот IEEE објави напис на следната Интернет страна: https://epics.ieee.org/blogs/students-in-macedonia-help-tackle-air-pollution/, а студентите објавија и труд на конференцијата ЕТАИ.

Во рамките на овој проект, студентите изработија и поставија сензорски и дисплеј единици во седум средни училишта низ државата и една во анексот на ФЕИТ. Сите единици практично без застој функционираат повеќе од една година.

3.4 Студентски награди на меѓународни натпревари

Тимот AquaSCADA од ФЕИТ го освои првото место на првиот INNOVABLUE хакатон, во силна меѓународна конкуренција на повеќе од 30 тимови. INNOVABLUE хакатонот се реализираше преку два посебни настани – во Скопје и во Шибеник, обединувајќи студенти, млади истражувачи, инженери и иноватори од повеќе земји од ADRION регионот околу предизвици поврзани со сината економија, одржливото управување со водните ресурси и примената на нови технологии. Тимот AquaSCADA го сочинуваат Теона Антоноска, Анџела Костадинова, Андреа Ѓошева и Ана Софрониевска под менторство на доц. д-р Филип Дончевски. Како победник, AquaSCADA доби пакет за поддршка во вредност од 5.000 евра, кој вклучува четири специјализирани менторски сесии со експерти од проектот INNOVABLUE и DIH Innovamare. Поддршката е насочена кон понатамошен технолошки, бизнис и пазарен развој на решението, вклучително и негова валидација, тестирање и подготовка за пазарна примена. Следен чекор за тимот AquaSCADA е учество на EIT Water & PDJF Regional Hackathon 2026, кој ќе се одржи на 5 ноември 2026 година во Задар, Хрватска.

3.5 Меѓународни награди на истражувачи од ФЕИТ

Научноистражувачкиот труд со наслов „Innovative Strategy for Electrical Calibration Management – Laboratory Sustainability for Metrology 5.0“ од проф. д-р Марија Чундева-Блајер беше награден со Награда за најдобар труд на меѓународниот научен собир 2025 IEEE International Workshop on Metrology for Sustainability, одржан од 4-5 декември 2025 година во Беневенто, Италија.

Трудот на истражувачите Маја Целеска Крстевска, Александра Крколева Матеска, Маре Србиновска, Петар Крстевски, Весна Андова, Владимир Димчев и Бодан Велковски со наслов „Technical and Techno-Economic Feasibility Analysis of a University-Scale Virtual Power Plant“, е добитник на Third Best Paper Award на меѓународната конференција ICRERA 2025 – International Conference on Renewable Energy Research and Applications, одржана во Виена, Австрија (27–30 октомври 2025 година).





Слика 3.10: Меѓународни награди на истражувачи од ФЕИТ

3.6 Работилница POWER-to-X технологии

Работилницата беше организирана во рамки на билатералниот проект „Можности за имплементација на Power-to-X (PtX) технологиите во процесот на енергетската транзиција“, со цел унапредување на практичните знаења и вештини на студентите во областа на современите енергетски технологии. Кратенката PtX се однесува на технологии за конверзија на електрична енергија во други енергетски носители или производи (водород, синтетички горива, топлина и хемикалии). На работилницата, студентите имаа можност да се запознаат со:

- концептите и примената на Power-to-X (PtX) технологиите,
- производството и употребата на водород како енергенс,
- моделирање на едноставни енергетски системи и микро-апликации,
- изведување на експерименти со опремата Horizon Energy Box.

Работилницата придонесе кон подобро поврзување на теоретските знаења со практичната примена и поттикнување на интересот за идните технологии во енергетиката.



Слика 3.11: Фотографии од настанот

3.7 ТелеХак@ФЕИТ 2026

Во текот на извештајниот период, ФЕИТ за прв пат го организираше ТелеХак@ФЕИТ, првиот хакатон посветен на телекомуникациите, наменет за ученици од четврта година од сите средни училишта во Македонија. Настанот беше осмислен да ги поттикне младите таленти да ја истражат иднината на информациско – комуникациските технологии преку практична работа, креативност и тимска соработка. Во текот на хакатонот, 86 учесници организирани во 22 тимови од 13 средни училишта од повеќе градови во Македонија, под менторство на 14 професори ментори, креираа иновативни решенија инспирирани од реални предизвици во

телекомуникацискиот сектор. Хакатонот се одржа во три дела, секој во траење од по три часа.



Слика 3.12: Финале на ТелеХак@ФЕИТ 2026

3.8Прв форум на УКИМ за квалитет во високото образование

На 27 октомври 2025 година, се одржа првиот Форум за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под мотото „Со квалитет до извонредност“. На настанот присуствуваа: министерката за образование и наука, ректори на јавни и приватни универзитети, претставници од Агенцијата за квалитет во високото образование, декани, директори на единици, сенатори, студенти и претставници од деловната заедница. ФЕИТ беше избран како еден од трите најдобри практики на Универзитетот за промоција. Деканот на ФЕИТ одржа куса презентација за клучните аспекти на ФЕИТ и иницијативите кои факултетот ги презема последнава деценија

за негово позиционирање како лидер во наставната, научно-истражувачката и иновациската дејност во Македонија.





Слика 3.13: ФЕИТ на првиот форум за квалитет во високото образование

3.9 Настани организирани од ФСС ФЕИТ

3.9.1 Бруцошка@ФЕИТ

На 10.10.2025 година, во дворот на ФЕИТ, се одржа традиционалната Бруцошка на ФЕИТ. Овој еднодневен фестивал имаше за цел да посака добредојде на новозапишаните бруцоши, да го промовира ФЕИТ пред поширокатa јавност и да понуди платформа за млади македонски музичари. Настанот претставуваше продолжение на традицијата на забави што создаваат чувство на заедништво и пријателство меѓу студентите. Овој пат, сцената беше оживеана од настапите на артистите GWASS, Fiction, Dope Kukjata, Peach Vice и ДЈ-сетовите на Nastasyakish, Ermilova, Aya, Damage Control, Dmaru и Marko Funkphony. Секој од овие музичари донесе уникатен стил, создавајќи динамичен и разнолик жанровски микс што ги освежи студентите со поп, рап и електронска музика. Фестивалот привлече над 5000 посетители, кои со ентузијазам уживаа во музиката и атмосферата. Организаторите, поддржани од УКИМ, ФЕИТ, УСС при УКИМ, Netcetera, Скопско Smooth, Telekom, AMCM, KFC, DM, RedBull Македонија, Аеро Клуб Скопје создадоа една незаборавна вечер, полна енергија и задоволство. Овој настан не само што ја потврди важноста на културната сцена во Македонија, туку и ја зацврсти заедницата на новите студенти, отворајќи нови можности за соработка и пријателства. Бруцошката забава стана спомен за многумина, полна со насмевки, музика и радост.

3.9.2 Science@ФЕИТ

„Science@FEIT“ е меѓународна студентска конференција организирана од студентите на ФЕИТ. Оваа конференција служи како платформа за студенти и истражувачи каде што тие ги презентираат своите научни трудови, дебатираат за технолошките иновации и ги разгледуваат најновите достигнувања во областа на техничките науки. Првично започната како локален настан, „Science@FEIT“ успешно се одржува веќе пет години, стекнувајќи репутација на

респектабилен настан. Од 2024 година, конференцијата прерасна во меѓународен настан, со учество на студенти од технички универзитети низ целиот Балкан и траеше два дена. Оваа година, конференцијата беше поддржана од спонзори како Телеком, Окта, Инфинеон, Шпаркасе Банка, Титан-УСЈЕ, Мако Сигре, Ladna, LaDelicous, Vincini, Vitalia, Македонскиот огранок на ИЕЕЕ и УСС при УКИМ. Конференцијата вклучуваше предавања и панел дискусии на теми како оптимизација на производствени процеси, телекомуникации, енергетика, машинско учење и кибербезбедност, но имаше и сесии за претприемништво, менаџмент и комуникации, кои беа корисни за сите учесници. Дополнително, беа организирани повеќе работилници од страна на спонзорите и поддржувачите на настанот.

3.9.3 Култура@ФЕИТ

Во текот на учебната 2025/26, ФСС-ФЕИТ организираше повеќе настани со цел да го збогати културниот живот на студентите. На 18ти април 2025, во дворот на ФЕИТ, се одржа Coffee@FEIT кој имаше за цел да ја зајакне врската помеѓу студентите и професорите, а исто така да понуди можност за матурантите од различни средни школи да се запознаат со атмосферата на ФЕИТ и да дознаат нешто повеќе. На Coffee@FEIT, присутните уживаа во жива музика, пинг понг, вкусни закуски и кафе. Освен тоа, друштвените игри од Samo bar внесоа дополнителна доза забава, додека пак Red Bull беше присутен за да ја подигне енергијата на настанот. Оваа активност привлече голем број учесници и создаде пријатна атмосфера за дружење. Како дел од овој настан беше организирана и „потрага по богатство“. Овој мал натпревар, спонзориран од Анхоч, имаше за цел подобро да ги претстави основните полиња кои се изучуваат на ФЕИТ, а во него учествуваа повеќе од 30 средношколци.

ФСС-ФЕИТ и оваа година организираше две студентски забави во Labaratorium и Станица26, каде што присуствуваа повеќе од 500 студенти. Овие забави станаа популарни и ги обединија студентите од различни години, поттикнувајќи создавање на нови пријателства и размена на искуства. Со секоја забава, атмосферата беше исполнета со позитивна енергија и забава, што ја потврдува важноста на социјализацијата во студентскиот живот.

За првпат оваа година на 12ти март се организираше квиз кадешто студентите во тимови се натпреваруваа со своите знаења во области како спорт, музика, филм, уметност, географија и историја. Победниците добија симболични награди, сувенири обезбедени од страна на ФЕИТ.

Дополнително, во текот на годината беше формиран и Шаховскиот клуб на ФЕИТ, со цел да се создаде простор за студентите кои имаат интерес кон шахот да се дружат, разменуваат искуства и ги развиваат своите вештини. Клубот редовно одржува средби на кои студентите имаат можност да играат шах и да се натпреваруваат во пријателска атмосфера. Како продолжение на активностите на клубот, на 15.05.2026

година беше организиран и шаховски турнир, на кој учествуваа студенти на ФЕИТ. Турнирот претставуваше можност за студентите да ги покажат своите шаховски способности, но и дополнително да се поттикне дружењето и поврзувањето меѓу студентите со заеднички интереси.

4. НАУКА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

4.1 Еразмус плус програма

Во рамките на Еразмус плус програмата, ФЕИТ, преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, за учебната 2026/2027 година потпиша договор со Техничкиот универзитет од Бурса – Турција, кој важи до учебната 2028/2029. Во процедура е и обновувањето на сите останати договори кои се истечени како и склучување на нови договори.

На конкурсот на УКИМ за учебната 2025/2026 година на програмата ЕРАЗМУС+ КА 103 за студентска мобилност не се пријави ниту еден кандидат. Но, затоа се пријави еден кандидат (Злате Богоевски) кој во зимскиот семестар на академската 2025/2026 реализираше краток престој во рамките на докторските студии на Универзитетот Западна Македонија во Кожани – Грција.

Во академската 2025/2026 година, студентска мобилност преку Еразмус+ програмата после многу години пауза реализираа и тројца странски студенти. Двајца студенти беа од Универзитетот за применети науки од Лапланд, Рованиеми – Финска и еден студент од Политехничкиот универзитет од Варшава, Полска.

4.2 Научна дејност

Факултетот и во изминатата година продолжи со спроведување на научно-истражувачки проекти, придонесувајќи за континуитет во научно-истражувачката дејност. Меѓународни проекти кои се имплементираа на Факултетот во извештајниот период се:

1. Build up Skills United – BUSUnited, LIFE CET, раководител проф. д-р Христина Спасевска (2025-2028).
2. Персонализирано учење во мерната техника поддржано со машинско учење – PEMS-ML, KA220-HED, Еразмус+, раководител проф. д-р Маре Србиновска (2024-2026).
3. Иновациска мрежа за развој на решенија и технологија за одржлива сина економија во јадранско – јонски регион - INNOVABLUE, Interreg IPA ADRION Programme 2021 – 2027, раководител проф. д-р Владимир Атанасовски (2024-2026).
4. Унапредување на обновливите извори за енергија во Јадранскиот и Јонскиот регион преку примена на технологија на дигитален близнак - GoToTwin,

Interreg IPA ADRION Programme 2021 – 2027, раководител проф. д-р Живко Коколански, (2024-2026).

5. Подобрување на прибирањето на податоци од животната средина преку машинско учење и системи за бази на податоци - EcoMinds, раководител проф. д-р Марија Календар, во рамките на Еразмус+ програмата.
6. ИНОФЕИТ Европски Дигитален Иновациски Хаб: Централен хаб за дигитална и зелена трансформација на Република Северна Македонија, раководители проф. д-р Димитар Ташковски (ИНОФЕИТ), проф. д-р Владимир Атанасовски (ФЕИТ), во рамки на програмата Digital Europe.
7. Поддржување на европско истражување и развој преку соработка на чинители и институционална реформа - INITIATE, HORIZON-WIDERA-2023-ACCESS-03, раководител проф. д-р Димитар Ташковски (2024-2027).
8. Транзиција до одржлива иднина преку тренинг и образование – TRANSIT - Horizon Europe, HORIZON-CL5-2021-D3-02-02, раководител вон. проф. д-р Петер Крстевски (2022 - 2025).

Со поддршка од раководителите на проектите, на веб страницата на ФЕИТ се објавуваат тековните проектни активности, а понатаму се споделуваат и на социјалните мрежи, што придонесува за зголемување на видливоста на ФЕИТ во поширокаta заедница. Податоци за меѓународните проекти се објавуваат и на веб страницата на УКИМ, во делот за меѓународна соработка - https://ukim.edu.mk/megjunarodna-sorabotka/internacionalni-proekti/lista-na-aktivni-proekti/.

Наставниот кадар на ФЕИТ континуирано поднесува пријави за научно-истражувачки проекти во рамки на повеќе различни програми, со цел да се искористат расположливите фондови за поддршка на научно-истражувачката работа. Дел од апликациите се поднесени и преку ИНОФЕИТ. Бројот на пријави е речиси константен во изминативе години и се движи околу 25 пријави на годишно ниво. Во извештајниот период поднесени се следните апликации за меѓународни проекти:

1. ECOHESION: Зајакнување на кохезијата на иновацискиот екосистем во Европа, раководител проф. д-р Димитар Ташковски, во рамки на програмата Horizon Europe.
2. Развој на иновативни решенија за зајакнување на сигурноста на синџирите на вредности поврзани со примената на обновливи извори на енергија, раководител вон. проф. д-р Петар Крстевски, во рамки на програмата Horizon Europe.
3. EscAIp: Зајакнување на вештините и капацитетите преку патеки на вештачка интелигенција за интелигентна енергетска трансформација во региони во

процес на транзиција од јаглен, раководител доц. д-р Бодан Велковски, во рамки на програмата Erasmus.

4. SmartBIM: Интергрирање на BIM и AI за одржливо проектирање на објекти, раководител проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска, во рамки на програмата Erasmus.
5. AI4HE: Процедури, индикатори, дескриптори и инструменти за евалуација на примена на вештачка интелигенција во академското истражување, раководител проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска, во рамки на програмата Erasmus.
6. STEM Foundry Balkans: Балканска платформа за STEM инкубација и претприемништво, раководител проф. д-р Димитар Ташковски во рамките на програмата Erasmus.
7. EvoLearn, раководител проф. д-р Бранислав Геразов, во рамки на програмата Erasmus.
8. ECCE AI: Примена на вештачка интелигенција во предучилишно образование и нега, раководител проф. Бранислав Геразов, во рамки на програмата Erasmus.
9. ASCENT: Унапредување на научните капацитети, извонредноста и вмрежувањето во дигитализирани енергетски системи, раководител вон. проф. Марија Марковска Димитровска, во рамки на програмата Horizon Europe.
10. TWIN4HEAT, раководител проф. д-р Снежана Чундева, во рамки на програмата Horizon Europe.
11. ELEVATE: Институционализирање на извонредност за моделирање на енергетски системи во Југоисточна Европа: Унапредување на вештини, иновации и подготвеност за индустрија, раководител доц. д-р Владимир Ѓоргиевски, во рамки на програмата Horizon Europe.
12. TWIN-BUILD: Паметни пристапи со дигитални близнаци за унапредување на регионалната истражувачка извонредност во енергетските перформанси на зградите преку европско твининг партнерство, раководител проф. д-р Марија Календар, во рамки на програмата Horizon Europe.
13. GRACE-HE: Жалост, благосостојба и академски ангажман: Истражување на дигитална поддршка во високото образование, раководител проф. д-р Марија Календар, во рамки на програмата Spencer Foundation – Small Research Grants.
14. BIORECAP: Систем за унапредување на човечкиот капитал во биорафинерискиот сектор за циркуларна економија, раководител вон. проф. д-р Маја Целеска Крстевска, во рамки на програмата Horizon Europe.

15. Унапредување на националните капацитети за радијациона заштита на пациенти и професионално изложени лица преку иновативна дозиметрија и интегрирани системи за контрола на квалитет, раководител вон. проф. д-р Ивана Фабијаниќ - Сандева, во рамки на програма поддржана од Меѓународна атомска агенција.
16. Интелигентен систем за рано предупредување и опсервација на животната средина во реално време за проактивно управување со квалитетот на водата во Охридското Езеро, раководител проф. д-р Маре Србиновска, во рамки на програмата Horizon Europe.
17. CropCast: Систем за предвидување на состојбата на вегетацијата во земјоделството во Северна Македонија поддржан со вештачка интелигенција, раководител проф. д-р Маре Србиновска, во рамки на програмата Horizon Europe.
18. Skills4CET MK: Национална платформа, патоказ и кампања за професионалните вештини во енергетска ефикасност за транзиција кон чиста енергија, раководител проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска, во рамки на програмата LIFE CET.
19. OPENode: Отворена платформа за локално управување со енергијата со зачувување на приватноста, раководител вон. проф. д-р Маја Целеска Крстевска, во рамки на програмата NLNet Foundation.
20. emPOWER: Инклузивни дигитални и зелени вештини за европската енергетска трансформација, раководител вон. проф. д-р Петар Крстевски, во рамки на програмата Horizon Europe.
21. ENLARGE TT: Градење на капацитети за канцеларија за трансфер на технологии во земјите во процес на проширување, раководител проф. д-р Владимир Атанасовски, во рамки на програмата Horizon Europe.
22. PROTECT-NET: Predictive, Replicable and Effective Conservation-Technology Network for Protected Areas, раководител проф. д-р Марко Порјазовски, во рамки на програмата Horizon Europe.
23. COMPASS: Координирана методологија, патокази и поддршка за унапредување на вештини за паметни мрежи, раководител доц. проф. д-р Владимир Ѓоргиевски, во рамки на програмата LIFE CET.
24. ENERGYACT-MK: Практична поддршка за имплементација на избрано законодавство во областа на одржливата енергија во Северна Македонија, раководител проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска, во рамки на програмата LIFE CET.
25. LIFE DSO-STEP: Дигитализација, поддршка и обука за оператори на мали дистрибутивни системи, раководител проф. д-р Александра Крколева Матеска, во рамки на програмата LIFE CET.

Освен поднесување апликации за истражувачки проекти поддржани од меѓународни програми и институции, наставниот кадар на ФЕИТ беше вклучен и во подготовка на апликации за проекти кои се поддржани од национални институции.

На редовниот Конкурс за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти за 2025/2026 година објавен од УКИМ беше пријавен и одобрен проектот „Практична интегрирана конфигурабилна лабораторија за обука и настава“, чиј раководител е проф. д-р Томислав Карталов.

Во текот на извештајниот период се спроведуваат и проектите финансирани од Министерството за образование и наука, според објавените Конкурси за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети/научни институти/МАНУ за 2025 година, односно проектите МЕТРОКОМ, раководител проф. д-р Зоран Хаџи-Велков и DTML-I4.0, раководител проф. д-р Маре Србиновска.

Наставниците и соработниците на ФЕИТ континуирано ги објавуваат своите истражувања и резултати во списанија и на меѓународни конференции. Вообичаено се објавуваат меѓу 100 и 140 трудови годишно, и тоа околу 30 трудови во списанија со фактор на влијание, а останатите во списанија со меѓународен уредувачки одбор и на меѓународни академски собири.

Во согласност со Политиката за меѓународна соработка и интернационализација, продолжи и поддршката на наставниот и соработнички кадар на ФЕИТ за учество на меѓународни конференции и настани за вмрежување, што придонесува за меѓународната видливост на работата на кадарот на ФЕИТ, како и за унапредување на истражувачките практики на нашиот факултет.

4.3 Награди и признанија

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го одбележува Светскиот ден на науката за мир и развој – 10 ноември, со промоција на најдобрите научници и уметник на Универзитетот за достигнувањата реализирани во изминатата календарска година. Ценејќи ги неговите исклучителни научно-истражувачките достигнувања во 2024 година, Факултетот го номинираше вон. проф. д-р Христијан Ѓорески за Конкурсот за најдобри научници и уметник на Универзитетот за 2024 година. Вон. проф. Ѓорески ја доби наградата за најдобар научник за УКИМ од областа на техничко-технолошки науки за 2024.

Во ноември 2025 проф. Мирко Тодоровски беше избран за дописен член на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), за што доби и силна поддршка од ФЕИТ. На 30-ти септември 2026 година проф. Тодоровски го одржа и пристапното предавање во МАНУ со наслов „Електроенергетски системи во ера на енергетска транзиција – очекувани предизвици“.

Научноистражувачкиот труд со наслов „Innovative Strategy for Electrical Calibration Management – Laboratory Sustainability for Metrology 5.0“ од авторката проф. д-р

Марија Чундева-Блајер од беше награден за најдобар труд на меѓународниот научен собир 2025 IEEE International Workshop on Metrology for Sustainability, одржан од 4-5 декември 2025 година во Беневенто, Италија.

Трудот на истражувачи од ФЕИТ, предводени од вон. проф. Маја Целеска Крстевска, со наслов „Technical and Techno-Economic Feasibility Analysis of a University-Scale Virtual Power Plant“, е добитник на трета награда за најдобар труд на меѓународната конференција ICRERA 2025 – International Conference on Renewable Energy Research and Applications, одржана во Виена, Австрија од 27 до 30 октомври 2025 година.

Од наградите и признанијата на студентите на ФЕИТ, треба да се напомене освоеното прво место на тимот AquaSCADA од ФЕИТ на првиот INNOVABLUE хакатон, во силна меѓународна конкуренција на повеќе од 30 тимови.

4.4 Списание на ФЕИТ

Во извештајниот период се подготвени два броја на списанието на ФЕИТ. Овие две изданија ќе бидат видливи на соодветната страна на списанието по добивањето на потребните идентификатори од страна на Универзитетска библиотека (постапката е во тек). Сите доставени трудови поминуваат низ процес на рецензија и јазичен преглед пред конечно објавување. Списанието продолжува да излегува само во електронска форма, со отворен пристап, а достапно е преку веб страната на ФЕИТ, на https://jeeit.feit.ukim.edu.mk/index.php/jeeit

4.5 Конференции организирани/подржани од ФЕИТ

Во организација на ФЕИТ, од 6 до 10 август 2025 година во Охрид, се одржа Деветтата македонска работилница по применета математика и теорија на графови. Работилницата се одржува еднаш годишно и има за цел да ја промовира дискретната и применетата математика во Македонија. Во рамки на работилницата, поканети предавања одржаа: Стеван Пилоповиќ (Српска академија на науките и уметностите, Србија), Томислав Дошлиќ (Универзитет во Загреб, Хрватска), Цинг Хуанг (Универзитет во Викторија, Канада) и Владо Станковски (Универзитет во Љубљана, Словенија). На настанот учествуваа околу триесет истражувачи и студенти од втор и трет циклус, кои дојдоа од Македонија, Словенија, Хрватска, Србија, Јужноафриканската Република, Холандија, Канада, Кина и Австралија. Работилницата помина во одлична атмосфера, со бројни дискусии, размена на идеи и можности за воспоставување нови соработки

Традиционално, во организација на ФЕИТ и друштвото на графовски теоретичари, во август 2026 година во Охрид се одржа Десеттата македонска работилница по применета математика и теорија на графови. Работилницата се одржува еднаш годишно и има за цел да ја промовира дискретната и применетата математика во Македонија. На настанот учествуваа истражувачи и студенти од втор и трет циклус, а резултираше со плодни дискусии и воспоставување на можности за нови соработки меѓу учесниците.

Од 23 до 27 август 2026 година, се одржа Меѓународната конференција за обопштени функции – GF2026 (International Conference on Generalized Functions), меѓународен научен собир посветен на современите достигнувања во областа на обопштените функции и нивната примена, а чија организација беше поддржана и од ФЕИТ, а во организациониот одбор учествуваше проф. Сања Атанасова од Институтот за математика и физика.

Во септември 2026 се одржа и седумнаесеттата по ред тематска конференција на здружението ЕТАИ. Конференцијата има силна поддршка од ФЕИТ, како од организациски аспект, така и од аспект на поддршка на учесници и автори на трудови од ФЕИТ. Како и претходните конференции на ЕТАИ, целта беше да се поврзаат академската заедница и инженерите-практичари од областите електроника, телекомуникации, автоматика и информатика, да ги презентираат своите активности, да разменат искуства и согледувања за понатамошните перспективи во врска со главните теми на Конференцијата: интернет на нештата, дигитална економија, заштита на податоци, обработка на големи податоци и секако најактуелната тема во моментов – вештачка интелигенција.

Во април 2026, се одржа пилот-активност организирана во рамките на проектот Eco Minds, чија цел беше вклучување на студентите во новоразвиените курсеви „Дизајн на бази на податоци за податоци од животната средина“ и „Машинско учење за анализа на податоци од животната средина“. Во склоп на овие курсеви, студентите имаа можност да научат да собираат и анализираат еколошки податоци и да применат техники на машинско учење за нивна обработка.

Во април 2026 година, во просториите на ИНОФЕИТ се одржа третото издание на Денот на енергија и одржливост, во организација на ФЕИТ и Македонската секција на IEEE. Настанот се одвиваше во рамки на глобалната иницијатива „Денови на одржлива енергија“ поддржана од Европската комисија, со цел промоција на користење на чиста енергија и енергетска ефикасност. Во рамките на овој настан беа презентирани тековните научно-истражувачки проекти на кои работи кадарот на ФЕИТ, а кои се финансирани од различни програми (Erasmus+, Horizon, Interreg, МОН).

Во рамки на проектот „Choose Science! Градење општество преку истражување и иновации”, во кој како партнери се вклучени Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, МАНУ, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Националниот центар за развој на иновации и претприемничко учење и Македонското еколошко друштво, на 24. и 25. септември се одбележа и Европската ноќ на истражувачите 2026. Во рамките на настанот, ФЕИТ организираше четири работилници за ученици од основните и средните училишта, презентација на Живата лабораторија на ФЕИТ и на ФабЛаб, како и постер презентација на тековните научно-истражувачки проекти на ФЕИТ. Целта беше да се доближат научно-истражувачките активности до поширокаата публика. Настанот имаше широка видливост и медиумска покриеност.

5. ФИНАНСИИ И ИНВЕСТИЦИИ

5.1 Подобрување на работните услови за вработените и студентите

Во изминатиот период на Факултетот за електротехника и информациски технологии беа реализирани повеќе активности насочени кон подобрување на просторните и работните услови, модернизација на лабораториската и ИКТ инфраструктура, како и унапредување на условите за практична настава и работа на вработените и студентите. Во рамките на активностите за подобрување на работните услови извршено е целосно реновирање на плакарите во сите кабинети на Институтот за математика. Обновен е и дел од канцеларискиот инвентар во Службата за финансиско работење и во Одделението за општи и правни работи, со што се подобрени условите за работа на административните служби на Факултетот. Значајни активности беа реализирани и во лабораториските простории. Во Лабораторијата за електрични машини, трансформатори и апарати продолжи уредувањето на новите лабораториски простории, при што се поставени нови шкафови и е извршена реконструкција и адаптација на просторот за потребите на наставата и лабораториската работа. Во Лабораторијата за електротехника е извршена санација на подот во канцеларискиот простор, вклучително и поставување соодветна хидроизолација со цел долгорочно отстранување на проблемите предизвикани од влага.

Една од позначајните инфраструктурни активности во изминатиот период беше целосната реконструкција и пренамена на поранешниот магацински простор на Институтот за електроника. Просторот беше темелно реконструиран преку изведување градежни и електроинсталациски работи, поставување нова компјутерска мрежа и подни облоги, како и набавка и поставување нов канцелариски и лабораториски инвентар. Со реализацијата на овие активности, поранешниот магацински простор е целосно трансформиран во современа лабораторија наменета за практична настава и работа со студентите. Паралелно со подобрувањето на просторните услови, продолжи и модернизацијата на лабораториската опрема и системите за практична настава. Набавени се десет комплетни програмабилни развојни системи од компанијата Микроелектроника со можност за далечинско програмирање, визуелизација и управување. Во областа на софтверската поддршка за наставата, обезбедена е бесплатна универзитетска лиценца за развојната платформа NECTO Studio, наменета за програмирање и развој на вградливи микрокомпјутерски системи.

Особено внимание во изминатиот период беше посветено и на сигурноста и континуитетот во работата на критичната ИКТ инфраструктура на Факултетот. За потребите на серверската инфраструктура во ФЛАОП центарот се набавени UPS уреди со голем енергетски капацитет, со што е обезбедена поголема автономија на

критичните серверски системи во случај на прекин или нарушување на електричното напојување. Дополнителни активности беа реализирани и за подобрување на условите во наставните простории. За потребите на амфитеатарот се набавени климатизери со голема моќност, а истовремено е извршена и соодветна преработка и прилагодување на електричната инсталација за нивно безбедно и ефикасно функционирање. Во изминатиот период целосно е опремена и енергетската жива лабораторија во ИНОФЕИТ. Во рамки на лабораторијата се набавени и инсталирани топлинска пумпа, систем за складирање топлинска енергија, метеоролошка станица и амбиентални сензори, како и програмабилен систем за локална и далечинска контрола. Со интеграцијата на овие компоненти е воспоставена современа експериментална инфраструктура која овозможува мониторинг, управување и истражување на енергетските текови и параметрите на работната средина.

Покрај поголемите инфраструктурни и развојни активности, во текот на периодот континуирано се реализираа и бројни тековни интервенции за санација и одржување на објектите и инфраструктурата на ФЕИТ. Тие опфаќаа различни поправки, набавка и монтажа на климатизери, чистење и одржување на кровните конструкции, отстранување и расчистување на паднати дрвја, како и други интервенции неопходни за непречено и безбедно функционирање на Факултетот.

5.2 Попис на основните средства

Со одлука број 02-1840/7 од 17.11.2025 година донесена на Деканатската управа се формираше Централна и други пописни комисии за реализација на пописот на опрема за 2025 година, со состојба на 31.12.2025 година. Пописот беше уредно завршен во определениот рок и беа подготвени соодветни извештаи на пописните комисии и Централната пописна комисија. Со одлука број 02-530/4, од 16.03.2026 година, прифатен е извештајот на комисијата задолжена за реализација на отписот за 2025 година. Расходот треба да се реализира до крајот на 2026.

5.3 Јавни набавки

Согласно Законот за јавни набавки и потребите на ФЕИТ, во периодот од 01.10.2025 до 30.09.2026, се склучени договори за јавни набавки со вкупна вредност од 24.664.101,00 денари со ДДВ.

Според видот на предметот на јавната набавка, се склучени:

- Договори за јавна набавка на стоки, со вкупна вредност од 11.518.133,00 ден со ДДВ и
- Договори за јавна набавка на услуги, вкупен износ од 13.145.968,00 ден со ДДВ.

Во категоријата стоки се опфатени набавки на научно-истражувачка, мерно-аквизициска, информациско-комуникациска и лабораториска опрема, софтверски лиценци, канцелариски и хигиенски материјали, технички гасови и друга опрема и стоки потребни за редовното работење и реализацијата на наставните и научно-истражувачки активности.

Од вкупната вредност на договорите за набавка на стоки, 8.371.975,00 денари се однесуваат на набавка на научно-истражувачка, мерно-аквизициска, информациско-комуникациска и лабораториска опрема и софтверски лиценци.

Останатите договори за јавна набавка на стоки, во вредност од 3.146.158,00 денари, се однесуваат на набавки за потребите на тековното работење на Факултетот, вклучувајќи канцелариски и хигиенски материјали, периферни компоненти, резервни делови, технички гасови, клима уреди, пијалоци и друга опрема.

Во категоријата услуги се опфатени услуги за осигурување, тековно одржување на објекти и опрема, авионски билети, сервисирање и калибрација на инструменти, печатарски и фотокопирни услуги, консултантски услуги, фиксна телефонија, организација на настани и промотивни активности.

Од вкупната вредност на договорите за услуги, 758.017,00 денари се однесуваат на услуги за потребите на научно-истражувачки проекти.

Според изворот на финансирање, склучените договори се:

- Договори финансирани од Буџетот на РСМ, со вкупна вредност од 8.281.498,00 денари;
- Договори финансирани од сопствени приходи, со вкупна вредност од 10.600.603,00 денари;
- Договори финансирани од комбинирани извори – Буџетот на РСМ и сопствени приходи, со вкупна вредност од 5.782.000,00 денари.

Според рокот на важност, за период од 2 години склучени се договори за јавна набавка со вкупна вредност од 3.447.075,00 ден со ДДВ.

6. СОРАБОТКА СО СТОПАНСТВОТО

Факултетот остварува соработка со стопанството преку својата партнерска програма, понуда на експертски, стручни и консултантски услуги за потребите на стопанските субјекти, работа на заеднички развојно-истражувачки проекти, услуги на вештачење, студентски пракси, стипендии и сл.

Во извештајниот период, компаниите Контрон, СПОРТ ЛАИФ ГЕЈМИНГ ДОО Скопје, СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД ДОО Скопје и Кодехем ДООЕЛ донираа опрема и помогнаа во адаптација на лабораториски простор за потребите на Институтот за електроника. Контрон дониираше пет комплета микрокомпјутери Raspberry Pi 5 и пет комплета микрокомпјутери STMP157 во вредност од 1500 евра. СПОРТ ЛАИФ ГЕЈМИНГ и СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД ДОО Скопје адаптираа простор за нова лабораторија за енергетска електроника со која се зајакнува експертизата на факултетот во оваа област и се овозможува поголема интер-институтска соработка на факултетот. Кодехем ДООЕЛ дониираше лабораториска опрема во вредност од 1600 евра. Исто така, компанијата Дигитал ОНЕ ДООЕЛ Скопје дониираше интерактивна

табла во вредност од 3500 евра, а во насока на унапредување на наставниот процес и техничките капацитети на факултетот и Институтот ЕЦРП. Дополнително, преку донација е обезбеден и заменет системот за евиденција на работното време на вработените.

Во извештајниот период се потпишаа 2 нови меморандуми за соработка и тоа со Институтот за унапредување на животните активности „ИУЖА“ – Белград, Србија, како и со Стартап Клуб Скопје.

Како поголеми договори кои се реализираат на ФЕИТ се издвојуваат оние со АД ЕСМ (при што во извештајниот период се потпиша нов договор за консултантски услуги на период од 24 месеци), ЈП за државни патишта и Министерството за дигитална трансформација за чии потреби се изработува физибилити студија за владина оптичка мрежа. Во апликативната дејност на Факултетот активно се вклучени Лабораторијата за мерење – калибрациска лабораторија (акредитирана согласно IEC 17025), Лабораторијата за радијациона физика (акредитирана согласно IEC 17025) и Инспекциското тело за електротехнички уреди, инсталации и опрема (кое обединува поголем број лаборатории и процедури).

По повод 20 години присуство во македонскиот електроенергетски сектор, тимови од ФЕИТ и Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје работеа на студија чија цел беше да се даде приказ на влијанието на компанијата врз развојот на електроенергетскиот сектор во земјава, но и поширокото економско, општествено и социјално влијание во изминатите две децении. Анализите на тимот на ФЕИТ се однесуваа на промените во електроенергетскиот сектор во периодот 2006–2026 година и улогата на ЕВН Македонија во процесите на преструктуирање, либерализација и исполнување на обврските од европското законодавство.

Во извештајниот период продолжи активното стипендирање на студентите на ФЕИТ. Студентите можеа да аплицираат за стипендии од ОКТА АД Скопје (овие стипендии беа дополнети и со можноста за делумно покривање на трошоците за живот во согласност со однапред утврдени критериуми). Оглас за стипендии распишаа и ЕВН Македонија како и АД ЕСМ за 5 стипендии за студентите од сите студиски програми на ФЕИТ. ЕВН Македонија дополнително објави и програма за стипендии „ЛОСТ“ и „СОС ЛОСТ“ за финансиска поддршка за студенти од електротехничките и факултети од областа информатички и компјутерски технологии кои доаѓаат од семејства со ниски приходи. Покрај стипендијата, програмата нуди можности за учење преку работа, менторство и професионален развој. МАКО СИГРЕ традиционално обезбеди по една годишна стипендија за студентите на студиските програми по електроенергетика на ФЕИТ. Дел од институтите на ФЕИТ (од сопствени средства) исто така понудија стипендии за студентите запишани на различни студиски програми. Конечно, студентите на ФЕИТ на втор циклус студии имаа можност да аплицираат за стипендии од програмата „Stefan Banach“ 2026, понудена од Полската национална агенција за академска размена (NAWA).

6.1 Центар за трансфер на технологии и иновации – ИНОФЕИТ

Во извештајниот период 1 октомври 2025 – 30 септември 2026 година, Центарот за трансфер на технологии и иновации – ИНОФЕИТ продолжи со интензивни активности насочени кон поврзување на академската заедница со индустријата и јавниот сектор, развој и примена на напредни дигитални технологии, трансфер на технологии и знаење, како и зајакнување на националниот и регионалниот иновациски екосистем.

По воспоставувањето на ИНОФЕИТ Европскиот дигитален иновациски хаб (ИНОФЕИТ ЕДИХ) во претходниот период, во текот на 2025/2026 година фокусот беше ставен на практична реализација на услугите за дигитална и зелена трансформација на малите и средни претпријатија и јавните институции. Паралелно со овие активности, ИНОФЕИТ продолжи со реализација на национални и меѓународни проекти, договорно истражување и развој, како и со подготовка на нови проектни иницијативи во соработка со европски и регионални партнери.

6.1.1 ИНОФЕИТ ЕДИХ

Во текот на извештајниот период, ИНОФЕИТ Европскиот дигитален иновациски хаб (ИНОФЕИТ ЕДИХ) целосно ги воспостави своите оперативни капацитети и се позиционираше како национален центар за поддршка на дигиталната и зелената трансформација на малите и средни претпријатија и јавните институции. Преку интегрираното портфолио на услуги, ИНОФЕИТ ЕДИХ обезбедува поддршка во целиот процес на дигитална трансформација – од процена на дигиталната зрелост и идентификација на потребите, преку тестирање и валидација на напредни технологии, до развој на дигитални вештини и поддршка во пристапот до финансии.

Во текот на периодот, конзорциумот реализираше 65 процени на дигитална зрелост, 33 Test Before Invest услуги, 5 демонстрациски активности и 3 услуги за поддршка на дигиталната инфраструктура. Test Before Invest услугите опфатија широк спектар напредни дигитални технологии, меѓу кои вештачка интелигенција, обработка на природен јазик, говорни технологии, IoT, cloud технологии и вградливи системи. Решенијата беа развивани и тестирани во различни области, вклучувајќи јавни дигитални услуги, земјоделство и храна, дигитализација на деловни процеси и енергетика. Дел од развиените решенија веќе преминаа од proof-of-concept (PoC) кон пилотирање и практична примена кај корисниците.

Значаен сегмент од активностите беше насочен кон развој на дигитални вештини. Во рамките на ИНОФЕИТ ЕДИХ беа организирани 62 структурирани обуки и 11 специјализирани курсеви и работилници, со повеќе од 2.400 учесници од компании, јавната администрација, академската заедница и поширокиот иновациски екосистем. Обуките опфатија вештачка интелигенција, сајбер-безбедност, софтверско инженерство, cloud computing, IoT, вградливи системи и други технологии релевантни за дигиталната и зелената трансформација.

Особено значајна беше соработката со Министерството за образование и наука, преку која 1.138 наставници од основните и средните училишта беа обучени за примена на генеративна вештачка интелигенција во образованието, додека дополнителни 548 наставници завршија програми за развој на дигитални и зелени вештини. На овој начин беа опфатени вкупно 1.686 наставници, со можност стекнатите знаења понатаму да се пренесуваат во училиштата и да придонесат кон поширока примена на дигиталните технологии во националниот образовен систем.

Развој и тестирање на дигитални решенија

Особено значаен резултат од работата на ИНОФЕИТ ЕДИХ е развојот на конкретни PoC и пилот-решенија, преку кои компаниите и јавните институции можат да ги тестираат придобивките од напредните дигитални технологии пред да донесат одлука за нивна поширока имплементација.

Еден од позначајните примери е AgroPath, дигитална платформа за управување со земјоделско производство и логистика. Платформата ги интегрира процесите на берба, испорака, складирање, набавки, известување и анализа на податоци во единствено дигитално решение, овозможувајќи подобра координација, следливост на производите и поголема оперативна ефикасност. Решението веќе е имплементирано во три земјоделски компании, а врз основа на успешните пилот-имплементации обезбедено е дополнително финансирање преку програмата Increasing Market Employability (IME) за негово воведување во уште шест компании. Ова претставува значаен пример за премин од Test Before Invest услуга кон поширока практична примена и скалирање на развиеното решение.

Во соработка со Министерството за образование и наука беше развиен ВИ-базиран асистент за националната платформа е-Дневник. Решението овозможува наставниците полесно да добиваат информации и поддршка при користењето на системот и е достапно за околу 20.000 наставници. Со неговата имплементација се демонстрира практичната примена на генеративната вештачка интелигенција за подобрување на јавните дигитални услуги и намалување на административното оптоварување на корисниците.

Значаен проект во областа на говорните технологии е развојот на Speech-to-Text решение за Собранието на Република Северна Македонија. Решението е базирано на напредни технологии за автоматско препознавање на македонски говор и е наменето да го забрза процесот на транскрипција и подготовка на документација од пленарни седници, комисии и други собранискиактивности. Проектот е особено значаен и од аспект на развојот и практичната примена на јазични технологии за македонскиот јазик.

Во соработка со Општина Крушево беше развиена и пилотирана платформата Experience Kruševo, наменета за дигитализација и подобро поврзување на локалниот туристички екосистем. Решението ги поврзува туристите, сместувачките капацитети, локалните бизниси и Општината преку мобилна апликација и соодветни веб-

портали. Платформата овозможува дигитална регистрација и идентификација на туристите, пристап до локални понуди и поволности, како и собирање податоци кои можат да се користат за подобро планирање и управување со туристичките активности. Пилотирањето ја потврди техничката изводливост и потенцијалот на решението за понатамошна примена и во други туристички дестинации.

Во областа на IoT технологиите беше развиена платформата Smart Beehive, која овозможува континуирано следење на состојбата на пчелните семејства преку сензори и дигитално собирање и анализа на податоци. Решението е развиено врз отворена и модуларна хардверска и софтверска архитектура, што овозможува негово понатамошно прилагодување и развој од страна на пчелари, компании и истражувачки организации. На овој начин, платформата претставува пример за примена на IoT и концептот на отворени иновации во традиционален сектор како што е пчеларството.

Значајни активности беа реализирани и во областа на енергетската транзиција, каде преку Test Before Invest услугите беа изработени техничко-економски анализи за интеграција на фотоволтаични системи и батериски системи за складирање електрична енергија. Анализите им овозможуваат на компаниите да ги проценат техничките и економските ефекти од различни инвестициски сценарија, да го зголемат сопственото искористување на произведената електрична енергија и да донесат аргументирани инвестициски одлуки.

Покрај веќе реализираните услуги, на крајот на извештајниот период во развој беа 13 дополнителни PoC проекти за потребите на компании и јавни институции, од кои повеќе се во напредна фаза на реализација. Новите проекти опфаќаат различни области и технологии и претставуваат основа за понатамошно проширување на портфолиото на дигитални решенија на ИНОФЕИТ ЕДИХ.

Зголемениот број на развиени и нови PoC проекти, како и преминот на дел од пилот-решенијата кон реална имплементација, покажуваат дека ИНОФЕИТ ЕДИХ се разви од центар за демонстрација и тестирање на технологии во платформа преку која се развиваат, валидираат, имплементираат и понатаму се скалираат конкретни дигитални решенија за потребите на компаниите и јавните институции.

6.1.2 Проекти

Во извештајниот период ИНОФЕИТ продолжи со активно учество во национални и меѓународни истражувачки, развојни и иновациски проекти. Успешно заврши реализацијата на проектот *4ACEs – AI Apps Against Alzheimer in Central Europe*, финансиран во рамките на Visegrad Fund. Проектот беше насочен кон примена на современи дигитални технологии и вештачка интелигенција за развој на алатки кои можат да придонесат кон подобрување на квалитетот на живот на лица со Алцхајмерова болест и нивните семејства.

Продолжи реализацијата на проектот *VoiceKids: Inspiring Children's Vocal Inclusion,* финансиран во рамките на Erasmus+ програмата KA220-SCH – Cooperation

Partnerships in School Education. Преку проектот се развиваат дигитални алатки и иновативни пристапи за поддршка на вокалната инклузија и развојот на децата.

ИНОФЕИТ продолжи да учествува како асоцијативен партнер во двата IPA ADRION проекти *GoToTwin – Advancing Renewable Energy in the Adriatic Ionian Region through the Use of Digital Twins* и *INNOVABLUE – Innovation Network for Development of Solutions and Technologies for Sustainable Blue Economy in the Adrion Region*. Проектите овозможуваат вклучување на ИНОФЕИТ во регионални иницијативи поврзани со дигиталните близнаци, обновливите извори на енергија, иновациите и одржливиот развој.

Значајна нова регионална иницијатива претставува проектот за прекугранични услуги базирани на вештачка интелигенција за дигитална трансформација на микро, мали и средни претпријатија во Западен Балкан, развиен во рамките на регионалната соработка на ИНОФЕИТ ЕДИХ со партнерски Европски дигитални иновациски хабови од Западен Балкан. Проектот е поддржан од GIZ, а неговата реализација е предвидено да започне во октомври 2026 година.

Покрај реализацијата на тековните проекти, во извештајниот период ИНОФЕИТ активно учествуваше во подготовка на нови меѓународни проектни апликации во рамките на програмата Erasmus+.

Во рамките на Erasmus+ Alliances for Innovation беше поднесена проектната апликација *FORGE – Foundry for STEM Entrepreneurship and Innovation*, насочена кон поврзување на универзитетите, средните стручни училишта и компаниите и развој на STEM, претприемнички и иновациски вештини. Дополнително, во рамките на Erasmus+ KA220-SCH беа поднесени проектите *ECCE AI – Early Childhood Education and Care using Artificial Intelligence*, насочен кон примена на вештачката интелигенција во предучилишното образование и инклузијата, и *EvoLearn*, насочен кон развој на иновативни, инклузивни и дигитално поддржани пристапи во образованието.

Енергетска жива лабораторија

Во текот на извештајниот период заврши реализацијата на проектот „Воспоставување на Енергетска жива лабораторија во ИНОФЕИТ“, поддржан од Министерството за економија и труд за развој и имплементација на иновативни и колаборативни проекти поврзани со паметна специјализација, зелена и дигитална трансформација. Лабораторијата претставува современа платформа за истражување, развој, демонстрација и тестирање на технологии поврзани со обновливите извори на енергија, складирањето и управувањето со енергијата, IoT и автоматизацијата на енергетските системи.

Со воспоставувањето на Енергетската жива лабораторија, ИНОФЕИТ значително ја унапреди својата истражувачка и развојна инфраструктура и создаде нови можности за соработка со индустриските компании, јавните институции и академската заедница во областите на енергетската ефикасност, зелената транзиција

и развојот и тестирањето на нови технологии. Официјалното отворање на Енергетската жива лабораторија е планирано до крајот на 2026 година.

Договорно истражување

Соработката со индустријата преку договорно истражување и консултантски услуги продолжи да претставува значаен сегмент од активностите на ИНОФЕИТ.

Во извештајниот период продолжи соработката со ФЕИТ во рамките на договорот со Јавното претпријатие за државни патишта, поврзан со одржување на системите за наплата на патарина и обезбедување стручни и консултативни услуги.

Продолжи и реализацијата на договорот за истражување и развој со швајцарската компанија Freezz Sarl, насочен кон истражување и развој на хибридна терестријално-сателитска комуникациска мрежа. Соработката претставува значаен пример за меѓународно договорно истражување и директна примена на истражувачките капацитети и експертизата на кадарот на ФЕИТ во развој на напредни технолошки решенија.

Преку овие активности, ИНОФЕИТ продолжува да ја реализира својата основна мисија на поврзување на академската експертиза со конкретните потреби на индустријата и јавниот сектор и трансфер на знаење и технологии кон практична примена.

6.1.3 Соработка и развој на иновацискиот екосистем

Во извештајниот период ИНОФЕИТ продолжи активно да придонесува кон развојот на националниот иновациски екосистем преку соработка со јавни институции, стопански организации, образовни институции и други чинители вклучени во процесите на дигитална трансформација.

Особено значајно беше зајакнувањето на институционалната соработка преку потпишување меморандуми за соработка со *Министерството за образование и наука* и *Министерството за дигитална трансформација*. Со овие договори се воспостави рамка за заеднички активности во областите на развој на дигитални вештини, поддршка на иновациите, градење капацитети, промоција и примена на нови технологии и дигитална трансформација на јавниот сектор.

ИНОФЕИТ активно учествуваше и во националниот дијалог за дигиталната трансформација и примената на вештачката интелигенција. Претставници на Центарот учествуваа на повеќе јавни дискусии и панели посветени на дигиталните вештини, примената на вештачката интелигенција во јавниот сектор и употребата на ВИ во образованието. Меѓу нив се панел-дискусијата „Digital Skills – Investing in People“, во рамките на настанот „Transforming the Future: Digital Strategy for a Modern Society“, јавната дискусија за употребата на вештачката интелигенција во јавниот сектор одржана во Собранието на Република Северна Македонија, како и панел-дискусијата за вештачка интелигенција во образованието во рамките на кампањата „Магијата е во знаењето“.

Дополнително, воспоставена е стратешка соработка со Swiss Increasing Market Employability Programme – IME со цел реализација на заеднички активности за поддршка на дигитализацијата и иновациите, развој на дигитални вештини, подобрување на пристапот до финансии и зголемување на конкурентноста на малите и средни претпријатија.

Преку овие активности, ИНОФЕИТ дополнително ја зајакна својата улога како точка на поврзување меѓу Универзитетот, јавните институции, стопанството и националниот иновациски екосистем.

Регионална и меѓународна соработка

Во извештајниот период ИНОФЕИТ значително ја прошири регионалната и европската соработка, особено преку активното учество во мрежата на Европски дигитални иновациски хабови.

Посебно значаен резултат претставува воспоставувањето на мултилатерален Меморандум за соработка меѓу шест Европски дигитални иновациски хабови од пет земји од Западен Балкан. Со договорот е воспоставена рамка за заедничко обезбедување услуги, размена на експертиза, градење капацитети и развој на прекугранична поддршка за малите и средни претпријатија и јавните институции. Врз основа на оваа соработка започна и подготовката на заеднички регионални проекти и услуги.

Паралелно, ИНОФЕИТ воспостави билатерална соработка со повеќе Европски дигитални иновациски хабови, меѓу кои CiTyInnoHub од Романија, WaMa Innovation Hub од Полска, AI4DigiT од Албанија, UDIH од Бугарија и digihub.li од Лихтенштајн. Овие партнерства создаваат можности за размена на знаење и експертиза, заеднички развој на услуги, подготовка на проектни апликации и пристап до специјализирани технолошки капацитети и експертиза.

Регионалната соработка беше поддржана и преку учество на повеќе настани на мрежата на Европски дигитални иновациски хабови и регионални иницијативи, вклучувајќи активности организирани од GIZ, RCC и EU4Digital. Значајна активност во оваа насока беше регионалната работилница EU4Digital во просториите на ИНОФЕИТ, која ги обедини Европските дигитални иновациски хабови од Западен Балкан.

ИНОФЕИТ продолжи да ја зајакнува и својата видливост во поширокиот европски иновациски екосистем. Претставници на Центарот учествуваа на EDIH Summit 2026 – Strengthening the AI Innovation Ecosystem во Брисел, каде беа разгледувани идните приоритети на европската EDIH мрежа, примената на вештачката интелигенција и моделите за поддршка на дигиталната трансформација. Учеството овозможи директна размена на искуства и воспоставување нови контакти со Европски дигитални иновациски хабови од повеќе земји.

Со овие активности ИНОФЕИТ ја прошири својата мрежа на национални, регионални и европски партнери и дополнително го зајакна позиционирањето на УКИМ во европскиот екосистем за дигитални иновации и трансфер на технологии.

7. СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ СПОРЕД ISO

ФЕИТ од 2013 година успешно функционира според воспоставениот стандард ISO 9001 одржувајќи функционален Систем за управување со квалитет (СУК). Системот во моментот опфаќа 8 системски процедури и 22 оперативни процедури. Процедурите се поткрепени со преку 70 обрасци за квалитет и работни упатства.

Системот за управување со квалитет на ФЕИТ е континуирано активен процес кој се прилагодува на релевантните законски измени од областа на делување на Факултетот и Универзитетот. Дополнително, процедурите и обрасците низ годините се менуваат и унапредуваат според потребите на носителите на дејноста (службите, наставниот кадар и Деканатот) и корисниците на услугите (студентите и надворешни корисници на услуги).

Во текот на 2026 година, не се наметна потреба за воведување на нови или измена на постоечките документи на системот. Системот за управување со квалитет функционираше одлично во својата тековна форма, овозможувајќи непречено, ефикасно и стабилно одвивање на сите процеси на Факултетот. Ваквата стабилност е силна потврда дека досегашните ревизии и оптимизации на процедурите успешно ги рефлектираат реалните потреби на институцијата. Поради тоа, фокусот оваа година беше ставен на доследна и правилна примена на воспоставените правила од страна на сите служби и вработени, што директно придонесе за одржување на високо ниво на квалитет во секојдневното работење. Континуираното следење на функционалноста на сите постојни процедури за квалитет останува тековна практика, со цел задржување на највисоките стандарди, проактивна подготвеност за евентуални идни предизвици и континуирано задоволување на потребите на сите засегнати страни.

8. НАСТАВЕН КАДАР

Соочен со тешкотиите во формирањето на наставно-научен подмладок, Факултетот ја продолжи својата политика за ангажирање на демонстратори во области каде што е потребно да се развива иден академски кадар. Така, во учебната 2025/2026 година беа ангажирани 7 демонстратори за аудиториски и лабораториски вежби како и 1 демонстратор за лабораториски вежби. Со ангажирањето на овие млади кадри се овозможи непречено изведување на вежбите, како и припрема на кадри во одредени области битни за развојот на Факултетот.

Проблемот со недостаток на стручни соработници во сите лаборатории останува и понатаму.

Во изминатиот период двајца наставници заминаа во пензија, а седум наставници дадоа изјава за продолжување на договорот за работа.

Во звање редовен професор доживотно, беа избрани 4 наставници, 1 во звање вонреден професор, 3 во звање доцент и 3 соработници беа повторно избрани во звање асистент.

9. СТРУЧНИ СЛУЖБИ НА ФАКУЛТЕТОТ

Во извештајниот период, покрај тековните работи што произлегуваат од правата и обврските утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот, актите на УКИМ, одлуките од ННС, Деканатската управа и одлуките на деканот, стручните служби особено внимание посветија на имплементација на новините што произлегуваат од измените на законите, со цел усогласување на тековното работење со важечките закони.

Посебно треба да се истакнат извонредните напори на вработените, кои и покрај недостатокот на кадар поради отсуства поради боледување, успеаја да ги извршат задачите навремено и професионално.

9.1 Правна и општа служба

Во текот на извештајниот период, како позначајни активности би ги издвоиле: работата на органите и телата на Факултетот, при што се подготвени материјали за 11 редовни седници на ННС и 36 вонредни седници, на кои се донесени 306 одлуки, како и 11 редовни и 7 вонредни седници на Деканатската управа, на кои се донесени 72 одлуки.

Во извештајниот период извршена е измена на Правилникот за научно и стручно усовршување на вработените на Факултетот и изработен е пречистен текст на истиот. Воедно извршено е преземање на едно лице од друга установа, со распоредување на работно место во Одделението за студентски прашања. Покрај наведените активности, реализирани се и други тековни работни задачи од надлежност на службата, вклучително и подготовка, изработка и усогласување на акти, решенија, одлуки, известувања и друга потребна документација, постапување по барања на вработените, како и координација со организационите единици на Факултетот во врска со прашања од административен и работно-правен карактер.

9.2 Студентска служба

Во текот на извештајниот период, Одделението за студентски прашања ја организираше својата работа со цел навремено и ефикасно извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите на службата.

Во рамките на своето редовно работење, Одделението ги реализираше активностите поврзани со: упис на нови студенти; упис и заверка на семестри за студентите од повисоките години; средување на студентските досиеја и пријави; подготовка за промоција на дипломираните студенти; издавање уверенија и потврди за различни намени, вклучително и за сместување во студентски домови, стипендии и студентски пракси во странство; обезбедување поддршка во процесот на остварување на правото на субвенциониран студентски оброк; подготовка на уверенија на англиски јазик, наставни планови и програми; како и верификација на податоци за дипломирани студенти за потребите на домашни и странски компании.

Покрај редовните активности, Одделението беше ангажирано и во реализација на вонредни задачи и барања добиени од Деканатот на ФЕИТ, Ректоратот на УКИМ, Државниот завод за статистика, ресорните министерства и други надлежни институции. Воедно, во текот на извештајниот период беше постапувано по голем број барања од студентите за издавање различни уверенија, потврди и други документи, при што бројот и разновидноста на овие барања континуирано се зголемуваат.

Одделението за студентски прашања во текот на целиот извештаен период одговорно, професионално и посветено ги извршуваше своите обврски, обезбедувајќи навремена поддршка и постапување по барањата, потребите и предизвиците со кои се соочуваат студентите.

9.3 Библиотека на ФЕИТ

Во текот на извештајниот период, Библиотеката на ФЕИТ продолжи со редовно и ефикасно извршување на своите работни задачи и со активности насочени кон унапредување на библиотечните услуги. Во рамките на своето работење, Библиотеката ги реализираше следните активности: опслужување на корисниците со книги, стручна и референтна литература и други учебни помагала; упатување на корисниците за користење бази на податоци и интернет-ресурси; евиденција на издадените книги, мануелно и компјутерски; обработка и каталогизација на нов библиотечен материјал; внесување на новодобиените библиотечни единици во интерната компјутерска база на податоци; информирање и посредување при добивање ISBN-број за печатени и електронски изданија на Факултетот; како и евиденција на дипломските трудови на студентите на ФЕИТ.

Во текот на годината беше обновен пристапот до националниот систем E-CRIS.MK, кој содржи бази на податоци за истражувачи, истражувачки организации и оддели, како и за истражувачки проекти, со што продолжи можноста за користење на информации од значење за истражувачката и академската дејност на Факултетот.

Во рамките на тековното работење, покрај редовното збогатување на библиотечниот фонд, Библиотеката беше особено ангажирана во реорганизација и оптимизација на фондот. Беше извршено и прочистување на фондот од застарена и неупотреблива литература, со што се ослободи простор за нови и поактуелни

наслови, како и за подобрување на условите за чување и користење на библиотечниот материјал.

10. СПОРТ НА ФЕИТ

ФЕИТ продолжува да ја негува традицијата на учество на организирани спортски настани од јавен карактер во земјата, поттикнувајќи го спортскиот дух и здравиот начин на живот кај вработените и студентите.

Еден од најмасовните спортски настани на кои традиционално учествуваат претставници на Факултетот е Скопскиот маратон, кој во 2025 година се одржа по 21. пат.

На 5 октомври 2025 година, Факултетот беше претставен со две штафетни екипи, една женска и една машка, како и со поединечни учесници во маратонската трка и трката на 5 km.

Женската штафетна екипа, во состав проф. д-р Маре Србиновска, Тања Бабунска, асист. Ана Плетварец и асист. Емилија Чона, постигна забележителен успех, освојувајќи го четвртото место во конкуренција од 27 женски штафети.

Машката штафетна екипа, во состав Димитриј Спасов, Георги Камчевски, Филип Манчев и Андреј Караскаковски, го освои 11. место во конкуренција од 79 машки штафети.

Успешен настап забележа и проф. д-р Томислав Шуминоски, кој ја заврши маратонската дистанца од 42,2 km со одличен резултат. На трката од 5 km ФЕИТ го претставуваа проф. д-р Весна Андова и доц.д-р. Јасмина Ангелевска Костадиноска, заедно со нивните деца, најмладите членови на тимот на ФЕИТ.



Слика 10.1: Скопски Маратон, 5 октомври 2025



Слика 10.2: Шах на ФЕИТ - 2026

Од друга страна, успешен врвен настап на шаховскиот турнир „Chess@FEEIT“ имаше проф. д-р Живко Коколански, кој го освои престижното прво место.

Во категоријата велосипедизам, значаен успех постигна проф. д-р Маре Србиновска, која го освои четвртото место во својата категорија на трката од 22 km, организирана од Халк Вело во Маврово.

Со своето учество и постигнатите резултати, вработените и студентите уште еднаш достојно го претставија Факултетот, потврдувајќи ја посветеноста на ФЕИТ кон промовирањето на спортот, тимскиот дух и здравите животни навики, а со тоа инспирирајќи многу сегашни и идни генерации на електро инженери.

11. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА

ФЕИТ во тек на изминатиот период ја продолжи соработката со фирмите и компаниите преку партнерските пакети кои транспарентно се објавени на нашата веб страна. Центарот за кариера реализираше контакти и средби со неколку фирми и компании за потенцијална соработка. Со останатите наши партнери се одвиваше редовна комуникација и реализација на взаемните обврски и соработка.

Центарот за кариера доби и сертифициран GCDF кариерен советник, вон. проф. д-р Маја Целеска Крстевска.

Соработката на Центарот за кариера со студентите беше транспарента и сите информации, повици, огласи за пракса и вработување беа споделувани со нив преку нивните канали на информирање.

Воедно нашиот Центар за кариера ја продолжува соработката со Центарот за кариера при УКИМ со размена на идеи, предлози и потенцијални активности во интерес на кариерниот развој на студентите

11.1 Алумни асоцијација на ФЕИТ

ФЕИТ АЛУМНИ, како дел од Центарот за кариера, со својот иницијативен тим продолжи да одржува контакти со нашите завршени студенти.

Во изминатиов период тие се приклучија и учествуваа во организираните активности на ФЕИТ:

- ЗЛАТНА ДИПЛОМА (11 декември во сала за конференции на ФЕИТ) – пригоден настан за одбележување на 50 години од дипломирањето на инженерите по електротехника во 1975 година. При тоа од дипломирани 77 инженери во 1975 година, Златна диплома им беше доделена на 22 присутни инженери, кои имаа прилика да се потсетат на своите студентски денови, да раскажат настани од нивното студентско искуство и да споделат совети за помладите колеги,
- САЕМ НА ОБРАЗОВАНИЕ И КАРИЕРА (27 и 28 февруари во City Mall) – претставување на ФЕИТ со соодветните наставни програми и можности кои ги нуди студирањето на ФЕИТ,
- КАФЕ ВО ДВОРЧЕ (18 април во дворот на ФЕИТ) – отворен ден со претставување на студиските програми, разговор со професорите, студентите

и алумните, видеопроекти и лаборатории во живо како и организиран Scavenger Hunt и запознавање со студентскиот живот на ФЕИТ,
- ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ ИНЖЕНЕРИ И МАГИСТРИ НА ФЕИТ (16 јуни во Македонска Филхармонија) – промовирање на новата генерација инженери и магистри.

За наредниот период се планираат нови активности како и учество во останатите случувања организирани од ФЕИТ преку информирање и вклучување на нашите алумни во нив.

11.2 Центар за нови студенти

Во текот на изминатата академска година, Центарот за нови студенти (ЦНС) продолжи со својата активност насочена кон промоција на ФЕИТ, информирање на идните студенти и создавање можности за нивно непосредно запознавање со студиските програми, наставниот кадар, лабораториите и активностите на Факултетот. Дел од активностите на ЦНС беа реализирани како дел од пошироките воннаставни активности на ФЕИТ, при што ЦНС даде поддршка и придонес во реализацијата на дел од активностите насочени кон промоција на Факултетот, работа со средношколци и непосредно запознавање со можностите што ги нуди ФЕИТ.

За разлика од претходните години, кога значаен дел од активностите се реализираше преку директни посети и презентации во средните училишта, во текот на оваа година посебен акцент беше ставен на организирање тематски работилници и интерактивни активности за средношколци кои се одржуваа во ФабЛаб. На овој начин, потенцијалните идни студенти имаа можност не само да добијат информации за ФЕИТ, туку и непосредно да се запознаат со дел од областите, технологиите и практичните активности со кои би се сретнале во текот на своето студирање.

Активностите во текот на годината започнаа со учеството на ФЕИТ на ЕНЕРГОТЕХНОМА'25, одржана во периодот 28-29.10.2025 година, каде што .Факултетот беше претставен пред пошироката јавност. На 31 октомври следеше презентација пред средношколците – учесници на СКЕЕОР.

Во декември 2025 година, ФЕИТ беше претставен и во рамки на Меѓународниот ден на студентите во Лабораториум, како и на Отворениот ден на УКИМ, каде што беа презентирани можностите за образование и академски развој што ги нуди Факултетот.

Во пресрет на активностите за промоција на ФЕИТ и привлекување на нови студенти, во текот на зимскиот период беа реализирани и активности поврзани со подготовка на промотивни материјали, вклучително и изработка на дигитални и печатени содржини за информирање на идните студенти. Во февруари 2026 година, ФЕИТ беше претставен и на Саемот за образование во организација на Студентарија, каде што ЦНС учествуваше во непосредната комуникација со матурантите и другите заинтересирани посетители.

Значаен дел од активностите во пролетниот период беше посветен на подготовката и реализацијата на Отворениот ден на ФЕИТ 2026, како и на активности наменети директно за средношколската популација. Во рамки на подготовките беа реализирани координативни состаноци со Деканатот и со Факултетското студентско собрание, како и активности за осмислување и организација на содржините.

Особено значаен сегмент од активностите на ЦНС во текот на оваа година беше насочен кон непосредно поврзување на ФЕИТ со средношколците преку практични, интерактивни и тематски активности, реализирани во просториите на ФЕИТ ФабЛаб. Наместо пристапот да се заснова претежно на класични презентации во средните училишта, оваа година беше овозможено учениците директно да го посетат ФЕИТ, да работат со опрема и технологии, да комуницираат со наставниот кадар и студентите и одблизу да се запознаат со различни области што ги опфаќаат студиските програми на Факултетот.

Во текот на пролетниот период беа реализирани повеќе тематски работилници , меѓу кои: „Соларни роботи и обновлива енергија – Иднината во наши раце“- работилница преку која учениците се запознаа со принципите на користење на сончевата енергија и практичната примена на обновливите извори преку роботика, како и работилницата „Како учат компјутерите? Основи на машинско учење и вештачка интелигенција“, на која средношколците имаа можност на интерактивен начин да се запознаат со основите на машинското учење, начинот на кој компјутерите извлекуваат заклучоци од податоци и примената на вештачката интелигенција. Особено значајна беше практичната компонента на работилницата, при која учениците работеа во тимови и под менторство градеа сопствени AI модели. Во истиот период беа реализирани и работилница на тема „Основи на компјутерски архитектури и запознавање со FPGA“, како и работилницата „Одржлива енергија за иднината и интелигентни мрежи“, преку кои учениците имаа можност да се запознаат со современи концепти од областа на компјутерското инженерство, електроенергетските системи и енергетската транзиција. Дополнително, преку работилницата „Оптимизација: Од проблем до решение со Desmos“, на учениците им беше овозможено на практичен и интерактивен начин да го согледаат процесот на формулирање и решавање инженерски и математички проблеми. Ваквата разновидност на темите овозможи преку активностите на ЦНС да бидат опфатени различни области карактеристични за ФЕИТ – од електроенергетика и обновливи извори, преку електроника и компјутерско инженерство, до вештачка интелигенција и оптимизација.

Посебно место во активностите за средношколци имаше и ТЕЛЕХАК@ФЕИТ 2026 – првиот телекомуникациски хакатон за средношколци во Македонија. Хакатонот беше наменет за ученици од четврта година од средните училишта во Македонија и беше конципиран околу практична работа, тимска соработка и решавање реални предизвици, со менторска поддршка од ФЕИТ. Преку теми поврзани со интернет и мрежи, веб-технологии и вештачка интелигенција и сајбер-безбедност, учесниците

имаа можност да навлезат подлабоко во современите информациско-комуникациски технологии и да ја согледаат нивната практична примена.

Дополнително, преку организацијата на Scavenger Hunt во склоп на отворениот ден на ФЕИТ, средношколците беа поттикнати на интерактивен начин да ги истражат просториите и различните сегменти од работата на ФЕИТ. Подготовката на интегрално упатство за реализација на активноста овозможи нејзино поорганизирано и систематско спроведување.

Дополнителна активност беше презентацијата пред средношколците – учесници на РобоМак Junior, преку која учениците беа информирани за можностите за продолжување на своето образование на ФЕИТ и за областите поврзани со инженерството, автоматиката, роботиката и информациските технологии.

Во пресрет на уписите за студиската 2026/2027 година, ЦНС се вклучи и во активностите за информирање на идните студенти за условите и постапката за упис. Беше подготвен дигитален флаер со информации за уписите, а на 17.8.2026 година беше реализирана и онлајн инфо-сесија за упис на прв циклус студии, на која заинтересираните кандидати имаа можност да добијат дополнителни информации и појаснувања во врска со уписната постапка. На почетокот на уписните активности, членовите на ЦНС беа ангажирани и во непосредна поддршка на кандидатите при реализацијата на првиот уписен ден, како и при запишувањето на примените кандидати на прв циклус студии за академската 2026/2027 година.

Со реализацијата на овие активности, Центарот за нови студенти и во текот на оваа година придонесе кон поактивно и непосредно претставување на ФЕИТ пред идните студенти, и искрено се надеваме дека овој вложен труд е препознаени и од поширокатa јавност.

11.3 Центар за доживотно учење

Во изминатиов период Центарот за доживотно учење реализираше две обуки: „Компјутерски мрежни технологии – основен курс“ и „Компјутерски мрежни технологии – напреден курс“ со две групи слушатели (вработени во М-НАВ) во тек на месец март и април. Обуката со првата група се одржа во тек на месец март и истата ја посетуваа и успешно ја завршија 10 кандидати. Двете обуки за втората група се одржуваа во тек на месец април. Истата ја посетуваат 10 кандидати.

За следниот период во план е активирање и продолжување со обуките кои ги нуди Центарот за доживотно учење и ФЕИТ.

12. ЗАКЛУЧОК

Овој извештај претставува преглед на активностите на вработените и студентите на ФЕИТ во сите области на неговото функционирање. Факултетот останува посветен на одржување на висококвалитетни и меѓународно препознатливи студии, на континуирано унапредување на условите за студирање и работа, на зацврстување на

својата водечка позиција во научно-истражувачката дејност во С. Македонија, како и на продлабочување на соработката со индустриските партнери.

Во претстојниот период, клучни приоритети ќе бидат обезбедување финансиски средства за реновирање на дел од студентските простории, проширување на мрежата на институционални и индустриски партнери, како и финализирање на акредитацијата на прв циклус студии. Поголеми предизвици се очекуваат во ангажирањето асистенти и лаборанти за институтските лаборатории, како и ангажирањето на административен и помошно-технички персонал.